ПРИЛОГ

утрински Весник

# Мо́кта е во народот

АПРИЛ 2004



Фото: Петар Стојановски

## 10 ЗАТОА

- Сознанието дека ние сме тие и таму;
- Тоа што изборите се НАША РАБОТА;
- Тоа што мора да се прати порака, која мора да биде разбрана;
- Тоа што Македонија не е составена од апатични поединци;
- Тоа што не е македонска традиција да излезат 50% гласачи;
- Тоа што мораме да кажеме “нам ни е грижа”;
- Тоа што со апстиненцијата ќе осилиме некои, на кои не им е грижа;
- Тоа што тоа ќе ја наруши и последната ментална дисциплина;
- Тоа што тоа ќе биде и уште едно дупче во браната;
- Тоа што гласањето се однесува на нас исто колку и на нив.

(АГТИС–Прилеп)

## Тоше Проески



## Гласајте!

Мислам дека е многу важно кој го претставува народот пред светот, а Македонија ќе ја претставува оној човек кој ќе го избере токму народот. Македонскиот народ има можност да ја избере вистинската личност и затоа никако не смеат да се игнорираат или да се бојкотираат претседателските избори, а сите ние треба да застанеме зад нашите мисли, чувства и убедувања и да го дадеме својот глас, својата поддршка за тој човек.

Не смееме да се повлечеме во моментите кога се избира, а потоа да го критикуваме изборот. Да не дозволиме другите да ни бираат. Јас ќе гласам и апелирам до сите фанови да го следат мојот пример и да ја искористат можноста да го дадат гласот за она што го сакаат, исто како што ме поддржуваат мене. Битно е да излезат на избори и треба да бидат горди што имаат можност да го изберат нашиот иден претседател!

# Зошто овие избори треба да успеат?

Д–Р ЕМИЛИЈА СИМОВСКА

Изборите се време на дилеми. Мојата дилема секако не е дали да го искористам моето право на глас; знам дека ќе го сторам тоа. Не се двоумам ни дали треба макар и да се обидам со учество во овој подлисток да придонесам одзивот да биде поголем. Дилемата ми е вреди ли да се обраќаме или полемизираме баш со сите агитатори за апстиненција, кои ги гледам во неколку групи.

Едни се “академците” чиј најголем домет е што имаат откриено понекоја книга во која пишува дека гласањето било право а не и обврска, па било важно правото да се има, ама не морало да се практикува. Не знам како ним да им се преточат книгите во конкретниот македонски контекст, но тоа е нешто што со подлисток не се постигнува.

Други се “аналитичарите” кои во чинот на гласање “не препознавале национален интерес”. Со нив не се полемизира, зошто за да се научи зошто регуларните, демократските и пред се успешните избори се национален интерес на секоја земја, не се доста ни 40 години, а камоли 40 дена.

Најмалку вреди да им се обраќаме на “практичарите”. Тоа се оние кои шетаат меѓу граѓаните и ги убедуваат дека ништо нема да се случи ако изборите пропаднат. “Ништото” за нив се и загубените милиони за избори, кои после ова можат уште неколку пати да се повторуваат (дури и со нив на листите), нефункционирањето на институциите на системот, застојот во реформите, кои ним не им се важни зошто имаат резервни институции кои не зависат од изборите, резервни теми, па и резервни татковини.

Не сум недемократ и никому не му го оспорувам правото на опција, па ни на наведените. Но знам сигурно дека ни една дефиниција на демократијата не признава “опции” со кои од збунетите, разочарани поединци систематски се создаваат граѓани без опција, со најлажното од сите ветувања - дека апстиненцијата ќе ги одведе во подобра иднина.

ИЗБОРИ

# Апстиненцијата не води кон подобра иднина

**Проф. д-р. Гзиме Старова**
– редовен професор на Правниот факултет во Скопје

*Повикот на апстиненција за изборот на претседател на републиката, на Република Македонија, доколку е мотивиран од чисто политички мотиви, односно доколку партискиот резон надвладее над граѓанскиот, лесно ќе се влезе во порочниот круг на уривањето на демократскиот поредок. Треба да се гради свеста за општите граѓански интереси над тесно партиските. Искуствата од европските демократски земји, кои денес се наоѓаат во моќни заедници, речиси и никогаш не доаѓаат во слични искушенија, покажувајќи секогаш повисока свест, од парцијалните еднопартиски интереси.*

**Лиле Корубин**
– модна креаторка

*Сметам дека на избори треба да се излезе поради повеќе причини. Луѓето треба да ја почувствуваат важноста на својот глас, чувство дека секој поединец одлучува.*



**Весна Гиновска-Илкова**
– оперска певица

*Сметам дека ќе бидеме сите доволно свесни за да успееме да избереме претседател, а правото за глас е индивидуално на секој човек за кого ќе гласа.*

**Гордана Нацева**
– ракометарка

*Со масовно излегување на гласачките места во вториот круг на претседателските избори да покажеме дека сме народ со развиена демократска свест и со чувство за актуелниот политички миг, во кој неизбирањето претседател може само негативно да се одрази врз амбициите на Македонија да се интегрира во евроатлантските структури.*

## Мерсел Биљали,
## советник на Претседателот на државата

Неизлегувањето на значителен број граѓани во изборите, без дилема дека е демократско право на тие кои се одлучиле за такво нешто. Таквата реакција на избирачите објективно претставува рефлекс на севкупните состојби во државата, првенствено од економска и социјална сфера. Но, ако работите се гледаат со поздрава диоптрија, тогаш кон ово прашање би требало да се гледа поинаку.

Реално, Република Македонија се наоѓа во доста чувствителна фаза на својот развој. Објективно таа изгуби многу драгоцени години посветувајќи се на помалку значајни прашања. Ако кон ово се додаде и нефункционалноста на системот, организираниот криминал и високата корупција, тогаш и не можеше да се очекува поинаков исход во однос на развојот. Но, тоа е веќе минато кое не се враќа назад. Поголема грешка ќе се направи, ако се гради став кон излегувањето или неизлегувањето на избори врз овие параметри. На Македонија ѝ претстојат значајни чекори кои претставуваат витален национален интерес, како што е влегувањето во НАТО, очекувањето одговор во однос на нашето аплицирање во ЕУ, дефинирањето на инвестициониот рејтинг споредено со регионот, како и ред други прашања. Сосема е сигурно дека нашето членство во НАТО алијансата како важен чин за општи интереси (првенствено безбедносни и економски) ќе падне во вода ако не успееме да избираме претседател на државата. Лоша судбина ќе има и нашата апликација за полноправно членство во ЕУ, а за некакво рангирање за рејтингот кај странските инвеститори и не вреди да се размисли. Така што состојбата во државава уште повеќе ќе се усложнат поради дополнителната запоставеност од страна на меѓународната заедница. И понатаму ќе бидеме третирани како земја што нема капацитет да образува и одржи стабилни институции. Последниве два месеца ние си положивме важни испити (смртта на претседателот, настаните во регионот и добриот прв круг на изборите), но треба да се вложат напорите за уште еден важен испит. Тоа е излегувањето на избори за да имаме успешен исход, а со тоа и многу подобра иднина отколку да не победи инаетот поради минатото.



## Владимир Милчин,
## Институт отворено општество

Деновиве нè убедуваат дека евентуалниот неуспех на претседателските избори, како последица од недоволен одзив на гласачите во вториот круг, ќе значел “победа на демократијата”! Нè убедуваат и дека нашето упаѓање во “српското сценарио” не ќе било страшно, зашто денешна Србија не била онаа на Милошевиќ, туку демократска Србија! А премолчуваат дека денешна Србија е тежок рековалесцент, кој дише на шкрги.

Деновиве се огласуваат и оние кои би сакале да видат протекторат во Македонија, ако не на целата територија, тогаш барем на деловите кои, според повикувачите, би можеле да бидат предмет на пазарење при евентуалното прекројување на границите на Србија, Босна, Македонија (и Косово).

Македонија не е ниту Косово, ниту Србија и таа не смее да биде жртвувана заради поправање на грешките на балканските и светските политички шнајдери.

Неуспешниот втор круг не само што сите македонски граѓани ќе ги чини многу пари, не само што ќе го забави процесот на реформите и приближувањето на Македонија кон ЕУ и НАТО, туку ќе ја ослаби нашата меѓународна позиција во моментот кога тоа може да нè чини скапо.

Најлошиот избор што можеме да го направиме на 28 април е да не излеземе на гласање.

Имаме можност да одбереме една од трите опции кои стојат пред нас. Ако не му веруваме на Црвенковски, можеме да го заокружиме Кедев. Ако не му веруваме на Кедев, можеме да го заокружиме Црвенковски. Ако не им веруваме ни на едниот ни другиот, можеме да ги чкртнеме и двајцата. И тоа е начин да го изразиме нашето незадоволство од политичарите, а да ја укинеме неизвесноста која сè уште нè демне.

Неодамна испративме јасна порака дека не сме бивши граѓани на бивша држава.

Во среда можеме да испратиме уште една: Не сме задоволни, но не сме ни хазардери!

Гласајте, макар за себе, но гласајте на 28 април!

**Јасминка Чакар**
– пијанистка

*Сметам дека Македонија може многу да изгуби доколку не избере претседател. Работите мора да течат непречено, секој треба да се фокусира на својата работа и решавањето на своите проблеми, а морате да признаете дека сето тоа е полесно доколку институциите на државата непречено функционираат.*

**Нора Шаќири**
– автор и ТВ водител

*Треба да се излезе на избори и да се гласа, држава без претседател не може да постои. Ако не сакаат граѓаните да излезат да гласаат, ако немаат свој кандидат, тогаш нека излезат да гласаат во чест на починатиот г-динот претседател Борис Трајковски.*

**Јошко Миленковски**
– селектор на машката одбојкарска репрезентација на Македонија

*Неуспешни избори ќе значат политичка криза и кочница на патот на демократските процеси по кој чекори Република Македонија и дополнителен трошок за организирање повторни изборни процеси што секако ќе заврши на грбот на граѓаните. Апстиненција е нешто што ни е најмалку потребно во моментот.*

**Камелија Левенска**
– менаџер за односи со јавност во МОБИМАК

*Секогаш треба да кажеме што мислиме и што сакаме. Излегувањето на гласање е обврска пред се пред самиот себе.*

**Елена Христовска**
– студент на политички студии

*Изборите треба да бидат успешни, бидејќи нашата држава е истрошена и ќе биде дополнителна тешкотија за народот повторно да се прават трошоци за нови избори , кои ќе паднат врз нивен грб.*

**Рефет Абази**
– актер и директор на Детскиот театарски центар

*Изборите треба и мора да успеат затоа што во спротивно државата нема да биде комплетна што се однесува до сите основни институции. Втора причина за успех на изборите е тоа што тие се скапа работа и ние како држава не можеме да си дозволиме два пати да организираме исти избори. Трета причина е тоа што мислам дека граѓаните својата почит кон трагично починатиот претседателот Борис Трајковски треба да ја искажат со излегување на избори, без разлика за кој кандидат ќе се гласаат.*

**Савка Тодоровска**
– претседателка на СОЖМ

*Како женска асоцијација нашата основна мисија се женските права како дел од човековите права. А, едно од основните женски права е правото на глас. Ако сè започнало со борбата на жените за право на глас, сега тоа право жените треба да го искористат.*

*Ние-жените претставуваме 51 отсто од вкупната популација, а исто толку и од гласачкото тело во државава. Жените кои се почитуваат себе си, треба да го искористат ова право и да излезат да гласаат.*

**Наташа Мешковска**
– член на Управниот одбор на Македонскиот олимписки комитет

*Секој граѓанин на Македонија треба да го искористи своето право на глас со цел да избереме претседател во вториот круг. Секое евентуално пролонгирање негативно би се одразило на политичките, а секако и на економските текови на државата.*

**Мики Црнокрак**
– сопственик на модно студио ЦРНОКРАК

*Мислам дека изборите мора да успеат и ги повикувам сите граѓани во Македонија да излезат на своите гласачки места и да гласаат за својот кандидат. Впрочем, држава без претседател и не е држава. Да му покажеме на светот дека имаме совесни граѓани и да не се доведеме во ситуација, како на пример во Австралија, каде мораа да воведат закон, со кој секој оној кој не излегува на гласање се казнува со една просечна плата. Мислам дека ние сме совесни граѓани и ќе избереме претседател на 28ми април.*

**Ефтим Гаштов**
– автор и ТВ водител

*Треба да се излезе на избори затоа што луѓето кои не се интересираат за политика треба да знаат дека тоа е дел од вешто смислена политика. Бидејќи сите ние сме политички суштества, треба и политиката да не интересира заради нас самите. Затоа излезете на избори и дајте го својот глас.*

**Љатиф Демир**
– Ромски културен и едукативен центар „ДАРХИА“

*Мислам дека електоратот е доволно свесен за неопходноста од успешни избори. Пред сè мислам дека граѓаните на Република Македонија знаат да се мобилизираат токму во моментите кога им е најтешко и кога треба да ја покажат својата зрелост. Сега е моментот кога треба уште еднаш да ја покажеме нашата зрелост и големина. Сега е моментот кога треба сите да застанеме зад мотото: Сите за успешни претседателски избори. Затоа што мислам дека поголемиот дел од нас сфатија дека не сме толку богати за да можеме да си овозможиме луксуз наречен: неуспешни избори.*

**Драган Канатларовски**
– селектор на фудбалската репрезентација

*Нашата држава треба и мора да добие свој Претседател на 28 април. Едноставно речено, македонскиот народ кој има повеќевековна традиција и историја мора да докаже дека е државотворен народ, со јасни принципи и ставови, кога станува збор за националниот интерес. Да не заборавиме дека Европа го следи секој наш потег и секоја наша одлука, и токму затоа мора да покажеме дека целосно ги прифаќаме нејзините стандарди. Апстинецијата од вториот круг на претседателските избори би донела далекусежни последици за сите нас, бидејќи во еден мошне важен период за нашата татковина нема да функционираат виталните државни тела и органи, што во никој случај не може да биде добро за ниту еден наш граѓанин.*

## Коста Балабанов
– историчар

*Ако се има предвид тоа што може да се случи ако не се избере претседател, сите тие компликации што би се создале ако не се излезе на изборите, тогаш не останува ништо друго туку да се излезе и да се гласа за едно од кандидатите.*

*Ако сакаме да и помогнеме на Република Македонија да излезе од оваа ситуација, економски да закрепне, да нема поголеми пречки во патот кон Европската унија, тогаш единствената алтернатива е да се излезе на избори и секој да го даде својот глас, за да не дојдеме во ситуација после самите да се обвинуваме за нешто што било нужно да се направи во даден момент, а ние не сме го направиле. Тоа е мојата порака и став во однос на прашањето зошто овие вонредни претседателски избори во Република Македонија, трети по ред, треба да успеат.*

## Јован Павловски
– писател

*Изборите треба да успеат од повеќе причини, а пред се за да покажеме дека навистина ги чувствуваме граѓанските обврски како императив и дека колку што повеќе ги исполнуваме, толку поблиску сме до шемата на демократско општество. Не е фаза, туку навистина мислам дека исполнувајќи ја граѓанската должност да гласаме ја покажуваме и ја манифестираме и љубовта кон татковината, уште повеќе во едно вакво матно, драматично време во кое секој ден сме засипувани со ирационални предлози кои одат на тоа што побргу од географската и политичката карта на светот да ја снема Република Македонија, како на пример најновиот предлог западниот нејзин дел да се претвори во протекторат. Со излегувањето во што поголем број на гласање, барем еднаш ќе ја исполниме желбата на сите патриоти, Македонците да бидат сложни, без разлика на нивното идеолошко и политичко определување, макар што тоа прашање е релативно минорно, како на пример масовното излегување на гласање.*

*Должност ни е да излеземе на гласање за да го избереме, според наше мислење подобриот, за разлика од оние кои протежираат друга теза, во чија основа лежи нивниот доста сомнителен патриотизам.*

## Паско Кузман
- археолог

*Овие избори треба да успеат затоа што македонскиот народ треба конечно да покаже висока политичка свест и разбирање за реалната ситуација во која што се наоѓа Република Македонија, а која не дозволува да се апстинира на вториот круг на изборите. Затоа што во една таква тешка ситуација, претседателските избори пред се, чинат толку многу пари, колку што јас би можел во Охрид да санирам уште една Самоилова тврдина.*

*Од друга страна убеден сум дека овој народ ќе избере претседател онаков каков што заслужува, односно онаков каков што и сака, човек кој што е близок до народот, каков што беше близок и претходниот наш претседател Борис Трајковски, кој трагично го загуби животот.*

## Сретен Коцевски
– Младински информативен центар – Тетово

*Сметам дека изборите треба да успеат, за едноставно да покажеме дека Македонија е вистински развиено демократско општество. Излегувањето на изборите и изборот на претседател ќе овозможи побрзо фокусирање на енергијата и на ресурсите во насока на решавање на вистинските проблеми на граѓаните кои ги има навистина многу.*

## Роберто Беличанец
– Центар за развој на медиуми

*Поништете ги ливчињата ако сакате, ама излезете на гласање. Затоа што ако вие не излезете тогаш некој друг ќе гласа за вас.*

## д-р. Слободанка Марковска
– професорка и НВО активистка

*За мене воопшто нема дилема да се излезе или да се апстинира на вториот изборен круг.*

*Повикувањето на бојкот на изборите пред сѐ имплицира откажување од можноста да се реализираме како политички субјекти кои демократски учествуваат во креирањето на нашата сегашност и нашата иднина.*

*Како човечки суштества одговорни сме за одлуките што катадневно ги донесуваме во нашата индивидуална и општествена егзистенција, водејќи сметка за последиците што произлегуваат од изборот меѓу повеќе можности.*

*Мојот избор да гласам е втемелен врз сознанието дека: прво, уставно загарантираното право на глас значи и одговорност; второ, преку чинот на гласање ја докажуваме политичката зрелост потврдувајќи ја нашата волја за државност; трето, имајќи го предвид актуелниот општествено-политички контекст во кој се наоѓа Република Македонија, ние граѓаните, не смееме да си го дозволиме луксузот да имаме неуспешни избори - тоа би не чинело многу и од финансиски аспект и од аспект на последиците што ќе произлезат од пролонгирањето на зацртаните стратешки задачи на нашата земја.*

## Дијана Томиќ - Радевска
– графичар

*Народот знае често да заборава и лесно да ги простува грешките на политичарите. Тој е послушен и во најодлучувачките моменти, секогаш се бара поддршка од него, но по круцијалните моменти во државата, народот е најчесто заборавен. Но без разлика на се, овие избори ќе успеат затоа што народот има доволно свест за тешкотиите што можат да произлезат од едни неуспешни избори.*

## Сашо Ордановски
– новинар во „Форум”

*Секои избори се дел од политички процес што во континуитет се одвива и ја доизградува демократијата. Нивното успешно и регуларно одвивање, без разлика на тоа кој победува, а кој губи при изборите, е предуслов за нормален демократски развој на една земја. Тоа особено се однесува на Македонија, како млада демократска држава, во која успешноста на демократските процеси е неразделно и директно поврзано со нејзиниот економски и друг просперитет, односно со нејзината државна успешност. Ова, во конкретниот случај на вториот изборен круг на претседателските избори во Македонија, важи дотолку повеќе што поминавме низ еден прв круг на избори сосема демократски и цивилизирано организирани и изведени, со резултати кои што точно го одразуваат политичкото расположение на мнозинството граѓани на Македонија. Се разбира, кандидатите што ни се нудат за гласање не мора да се најдобрите или најпосакуваните за/од сите нас (барем за мене не се), но во демократијата нема друг пат освен овој, на избори, за демократски да се постигне процесот на промени што го посакуваме.*

*Ако е тоа така, тогаш е јасно дека гласачите треба да се охрабрат во уште поголем број да излезат и за вториот круг на гласање за да го изберат идниот претседател на Републиката. Во вакви услови, активното заговарање на апстиненција или бојкот на вториот круг на гласање значи директно негирање на легално изразената демократска волја на мнозинството македонски граѓани и заговарање почеток на циклус на политички и друг вид кризи од кои корист нема да имаат граѓаните на Македонија. Јасно е дека демократски поразените политички струи во Македонија (а нив ќе ги најдете, по име и презиме, меѓу сите оние што сега јавно се залагаат за апстиненција или бојкот во вториот изборен круг), кои и отворено заговараа поделби на државата по етничка основа и промена на нејзините граници, бараат шанса да се вратат од своите маргинализирани позиции, за повторно да ги оживат плановите за нови кризи и регресирања на македонското општество. На гласачите е да проценат каде сакаат да се движи нивната држава, бидејќи тие, на крајот, ќе ја „платат сметката“.*




## Никола Гелевски
– Контрапункт

*Ние генерално мораме да почнеме да учиме да ја преземаме одговорноста и за заедницата, не само за себе. Кога се избори уште повеќе се засилува сечија поединечна одговорност за општеството. Иако луѓето често чувствуваат дека немаат моќ да ги променат работите, во суштина грешат: тие самите се моќ, без директно да ја имаат. И тоа ќе мораме да го разбереме: на Македонија веќе воопшто не помага прелесната поделба на „нив“ кои имаат моќ, и „нас“ кои ја немаме. Изборите се најфлагрантна демонстрација на нашата моќ, но зборувам и пошироко, да се преземе одговорноста, бидејќи нема кој друг да ја преземе освен нас.*

*Единственото место од кое што можеме да почнеме е она на кое што токму се наоѓаме, велеше Хана Арент. Ние се наоѓаме пред избирачките кутии.*

## Борјан Јовановски
– новинар

*Овие избори треба да успеат од многу практична и рационална причина, а тоа е државата да не влегува во нови трошоци за нов изборен циклус, а втората е политичка. Мислам дека на Македонија оваа година најмалку и треба политичка криза и институционален вакуум, кој би бил предизвикан од евентуален неизбор на претседател, бидејќи токму оваа година во Македонија треба да се спроведат цел еден пакет од реформи, кои би помогнале Македонија да почне да излегува од тешката економска криза во која се наоѓа моментално и оние други реформи кои значат имплементација на обврските од Рамковниот договор, а без кои Македонија не може да го заокружи процесот на политичка и безбедносна стабилизација. Подобрувањето на економската ситуација и политичкото стабилизирање на Македонија во што покус рок се единствениот и клучен услов Македонија да направи некаков посериозен исчекор во нејзината интеграција во НАТО и ЕУ.*

## Ерол Ризаов
– главен и одговорен уредник на „Утрински весник”

*Повикот на бојкот како демократско право наидува на плодно тло поради незадоволството на граѓаните од изневерените очекувања, големата економска криза и сиромаштија. Но, тоа е типично кокетирање, особено ако се откажете од натпреварот. Лидери на политички партии да повикуваат на бојкот и на апстиненција во ваква ситуација е навистина редок пример на политичко дејствување. Повикот „не гласајте за никој“, „одиме во криза и вонредни парламентарни избори“ е ист како оној на римскиот сенатор Катон кој сите свои говори без оглед за што се зборува во римскиот Сенат, ги почнувал со зборовите дека Картагина треба да се разурне. Разликата е во тоа што Катон тоа го зборувал пред повеќе од две илјади години и за разурнување на друга држава, а некои македонски политичари тоа го зборуваат во 21 век и тоа за сопствената земја.*

*Да се разбереме, сосема друга работа ќе беше пораката на гласачкото тело со негласање, а притоа никој на тоа да не ги повикува. Значи ако нема кампања за апстиненција и повик на бојкот, тогаш неизлегувањето на избори на над 50 отсто од гласачкото тело е јасен сигнал за недовербата на народот кон големите политички играчи и кон власта. Таквата апстиненција се разбира мора да доведе не само според уставните определби до нови избори, туку според моралните кодекси недовербата на народот треба да резултира со оставки и вонредни избори. Меѓутоа, треба да се прави суштинска разлика меѓу агитацијата за апстиненција и самостојната одлука на граѓаните за негласање. Особено кога агитираат тие што бегаат од натпреварот бидејќи добро знаат дека граѓаните во нив немаат доверба, а ги знаат и последиците од неуспешни избори.*

## Дејан Георгиевски
– уредник на интернет страната за Југоисточна Европа на One World

*Прво, што е и добро и лошо, ако победи Црвенковски, ќе мора да има и нов премиер, па којзнае, може тој новиот ќе оправи нешто, ама може и да расипе. Овака како што е, мислам оти ни здосади. Второ, не сме баш во ситуација да можеме да си дозволиме да фрламе пари на повторени избори, оти тие чинат пари. А парите се, безбели, попотребни на други места, па нека е и за купување социјален мир. Трето, моментално живеам во Босна, па не би бил мал ќеифот, кога ќе ме прашаат чешитине Босанци vкако во Македонија?Р да им кажам - ете, сѐ е регуларно и нормално, дури и претседател си имаме.*

## Гоце Тодоровски
– Центар за граѓанска иницијатива, Прилеп

*Изборите, поточно учеството во нив, се демократски процес и право на сите граѓани. Но секое право со себе носи и обврска, па оттука секој граѓанин треба крајно сериозно да си ја исполни својата граѓанска должност и да излезе на избори. Како граѓани не можеме често да одлучуваме, па секоја можност треба да ја искористиме и да одлучиме кој ќе не води. На вонредните претседателски избори треба граѓаните масовно да излезат и да гласаат за својот кандидат. Неизлегувањето на изборите е всушност глас за оној кој ќе победи, затоа не треба да дозволиме друг да одлучува за нас, туку треба сами да бидеме ковачи на сопствената среќа.*

## Владимир Пендовски
– Национална асоцијација за оружје

*Мислам дека овие избори треба да успеат зашто само комплетирани институции на системот, кои се демократски избрани, се основна претпоставка за економски, политички, социјален и културен просперитет на граѓаните на една држава.*

## Драган Антоновски
– новинар

*Секако дека треба да се гласа, затоа што тоа покажува дека колку за почеток ова е демократска држава и го има условот граѓанинот да има право да одбира, односно има можност да ги казнува тие коишто не ги исполниле предизборните ветувања и ги излажале гласачите.Треба да се гласа заради тоа што со ова се потврдува определбата за институционално решавање на состојбите , но и за тоа дека во институциите е нужна компетентност за тие да бидат во секој поглед институции, а не обична декларативност, или државен трошок за партиски сметки. Треба да се гласа заради тоа што мора да се решаваат, а не да се покриваат состојбите. Треба да се има став, мора да се има цел или одговор зошто да, а зошто не, и што по тоа. Празните ливчиња, и нашето граѓанско право, за жал, се уште може некој друг да го заокружи. И тоа е дел од нашиот демократски амбиент.*

*Моќта е во тоа што можеш, да бараш не само да бираш, а добиваш само ако има од кого..*

ИЗБОРИ

# Што ми рече Компрас?

АГИМ ЈОНУЗ

На почетокот на деведесеттите години, му бев личен асистент на првиот шеф на Американската мисија во Македонија Г- динот Виктор Комрас. Му бев возач, преведувач, носач, телохранител, со еден збор “ дечко за сѐ”! А, тој, беше голем човек. Еден од ретките луѓе што сум ги запознал во својот живот, а, за кој можам да кажам дека би го слушал што зборува цел ден. Се сомневам дека многу толку квалитетни Американци по него дојдоа на “Илинденска”.Секоја чест на исклучоците!

И, знаете ли што ми рече тој човек, кога на првите парламентарни избори му реков дека не сакам да излезам на гласање?!

Неговите зборови беа:..„*Да знам дека не си излегол да гласаш, ќе те натепам како магаре! Та, која иднина очекуваш да стои пред тебе и семејството доколку не ја каниш да те пречека!? Иднината на земјата не е во рацете на никој друг, туку во твоите. Замисли си, така да размислува мнозинството од населението, кого ќе обвинувате потоа дека земјата е во хаос, во несакана ситуација во која твојот глас можел и тоа како да ја смени!? Замисли си, имаш своја независна татковина за прв пат во историјата, а, се однесуваш кон неа неодговорно со тоа што не излагаш да го дадеш својот глас за тоа каква сакаш да ти биде таа. Таа е твоја, твојот глас е твој, ..заедничка ви е судбината и иднината.Ти и твојата татковина сте едно! Биди одговорен кон неа, за да биде и таа кон тебе..*

Виктор Комрас си отиде од Македонија, останаа спомените. Пораката на неговите зборови ме натера да излезам и да гласам. И на следните, и на следните...

Неговите ставови по ова прашање, станаа и мои ставови .

Деновиве кога на мојот дванаесетгодишен син се обидувам да му објаснам зошто ќе одам да гласам и што ќе промени тоа што ќе заокружам некое бројче, во немање на подобар пример му го реков следното : “Синко, не постои идеален човек, идеален политичар, идеален државник, ништо на светов не е идеално! Арно ама! Кога одиме на пазар и избираме јаболка, ако гледаме дека јаболката се со дамки и има по некое црвче, ако дома ни требаат јаболка за здравје, ќе го избереме она што е најмалку црвливото од сите оние што се на тезгата” . Потоа продолжив да му објаснувам уште поконкретно: На Македонија ѝ е потребен претседател, затоа што ако нема, таа нема да биде здрава, ќе биде болна, како што ти нема да бидеш здрав ако не јадеш овошје па, макар тоа било и со по некое црвче! Затоа ќе одам и ќе гласам.

*П.С. Денес децава се родени „со три факултети“ . Ме разбра, верувајте!*

*А вие!?...Зарем нема да гласате! Ваше право, ама,..*




# Епа, Македонче...!

ЗОРАН ЈАЧЕВ

На сите ни е добро познат стариот, добар Епа, Македонче... виц, одлично екраниziран во шоуто на К-15, во кој се исмејува нашата навика по секоја цена да ги избегнеме обврските кои не ни се допаѓаат. Но, кога сме сериозно притиснати, како попчиња ќе си ја завршиме работата, без оглед колкава цена сме платиле во напорите да ја избегнеме. Состојбата пред вториот круг на Претседателските избори е слична, затоа што дел од нас се уште размислува дали да гласа иако е јасно дека изборите ќе се повторуваат се додека не се избере Претседател на Република Македонија.

Едно е сигурно - ќе мораме да го избереме без оглед дали тоа ќе се случи на овие или на некој од наредните избори, затоа што така налагаат законските прописи. Ако не успееме во овој обид, земјава ќе претрпи финансиски и политички последици кои, колку и да се обидуваме, не можат да се избегнат. Секој нареден циклус би го чинел буџетот уште 2,5 милиони евра а стопанството би било олеснето за најмалку 5 милиони евра, колку што на партиите им се потребни за нова кампања. Нема потреба да се дебатира околу тоа - дали Македонија може да си го дозволи овој трошок, во време кога на буџетот и на стопанството не им цветаат рози. Од друга страна, изборите (што досега редовно се случува) ја доведуваат државата и нејзините институции во состојба на своевиден зимски сон, во кој се одржуваат само нејзините основни функции. Таквиот лет во место оневозможува да се искористи потенцијалот на институциите за подобрување на состојбата во земјата, реформите, како и обврските за интеграција во НАТО и ЕУ.

Ајде да ги разгледаме причините и аргументите за апстиненција и дали нешто би се променило во евентуалниот нареден изборен циклус. Најмногу што може да се постигне со тоа е испраќање на порака до партиите и нивните кандидати дека граѓаните не се задоволни од нив и од состојбата во земјата. Таа порака е испратена уште во првиот круг а потврда дека е примена се очајничките обиди на двајцата преостанати кандидати да им се доближат на граѓаните. Ги гледаме дека одат на места за кои не знаеле дека постојат, се поздравуваат и бакнуваат со граѓаните како да одат на отслужување на воениот рок. Политичката понуда во земјава нема многу да се промени ако не успеат овие избори, затоа што на наредните ниту ќе се појават нови политички опции, ниту пак постојните ќе се вклучат во трката. Да имаа капацитет и квалитетна програма, ќе го стореа тоа и на сегашниве, но се задоволија само со сеирџиско повикување на апстиненција. Најверојатно, истите ликови ќе ни се насмевнуваат од билбордите и ТВ рекламите и ќе ни се додворуваат и на евентуални, нови избори. Дури и ако се случи и нови играчи да истрчаат на теренот - нема да понудат различна програма, затоа што за тоа одлучуваат партиите а не кандидатите.

**ИНТЕРВЈУ:** Ѓорѓи Иванов, политиколог, за успешноста на изборниот процес

# Претседателот е неопходен за нормално функционирање на системот

**Зошто е важно Македонија да избере претседател?**

- Влезени сме во процеси кои бараат ефикасност на системот.Треба да се носат значајни одлуки, бидејќи не е така едноставно да се влезе во процесот на евроинтеграции и на НАТО, а да не се биде присутен на местата каде што се создава таа политика. Сето тоа може да доведе до застој и до одлагање на некои одлуки. Луѓето веќе се изморени од долготрајноста на транзицијата и бараат некој да го смени текот на овие негативни тенденции.

**Во првиот круг, на изборите излегоа 55,18 отсто од гласачкото тело. На што се должи малиот одѕив на излезени гласачи?**

-И ова е знак за зреење на јавноста. Веројатно, големиот процент на апстиненти укажува дека постои незадоволство, што дополнително треба да се утврди со истражување, а за што свое мислење треба да дадат и психолозите, социолозите.... Предмет на проучување на експерите треба да биде дали се во прашање стравови, заситеност од одредена политика, изневерени очекувања или нешто сосема друго. Политичарите кои редовно ги добиваат извештаите за нивниот рејтинг, најдобро треба да знаат зошто ова им се случува. Но, доколку тоа признаат, ги губат изборите. За жал, за нас не се достапни тие информации, па затоа го користиме нашето знаење, кое е резултат на гимнастика на умот.

**Обично се тврди дека во вториот круг одѕивот се намалува од 5-10 отсто. Ќе ни се случи ли „македонско сценарио“?**

-Вообичаено е за сите досегашни избори кај нас , но тоа е редовна пракса и во другите земји, во вториот круг да се појави поголем процент на граѓани кои не излегле на гласање. Ако ни се случи апстиненција, тогаш изборите нема да успеат. Теоретски, можно е да не избереме претседател. Затоа постојат процедури, распишување на нови избори. Тоа нема да биде катаклизма на државата, но затоа постои ДИК, вршители на должност и други структури што треба да се погрижат системот да функционира и понатаму.



Вообичаено е насекаде во светот, одѕивот во вториот круг да се намали од 5-10 отсто, што значи теоретски можно е да не избереме претседател

**Какви пораки испратија граѓаните на првиот круг од изборите?**

Народот на овие избори испрати неколку силни пораки. На пример, жителите од с.Огњанци. Може да видите дека досегашните определувања по партиска линија, веќе не важат , бидејќи луѓето се обединиле околу еден свој интерес-немаат пат. Политиката се врзува за интерес на гласачите. Едни избори почнуваат, кога ќе завршат другите избори. Кај нас политичарите помислуваат на граѓаните, кога ќе почне кампањата.

**Дали може да се каже дека постои презаситеност на електоратот од ветувањата на партиите и на политичарите?**

-Тоа е особено карактеристично кај младите, за оние што гласаат за прв пат, како и за гласачите кои што се наоѓат во зрела фаза. Најголем дел од населението, поточно оние од 20-40 години се невработени, а тие се моторот на една земја. Кај нас, се уште е далеку моментот, во кој обичните луѓе ќе можат да ги почувствуваат благодетите од демократијата. Затоа се јавува таа носталгија, жал за минатото.Доколку народот смета дека политичарите не создале перспективи за нив или не дале надеж дека тоа е остварливо за некоја година, како што е случајот со Бугарија или Романија, кои за некоја година ќе станат членки на ЕУ, тешко може кај нив да се најде мотив да се жртвуваат за одреден период.

(Ж. Ѓ.)

МОСТ Граѓанска Асоцијација

# Брз и прецизен мониторинг на изборниот процес



Првиот круг од изборите, МОСТ го мониторираше со 3320 акредитирани набљудувачи. Околу 60% од избирачките места беа покриени со статични набљудувачи, а останатиот дел од избирачките места беа посетени од 40 мобилни тимови. Три пати во текот на денот МОСТ известуваше за одзивот на гласачите, а по завршувањето на гласањето со помош на ПВТ програмата, која ја поседува, го објави процентот на освоени гласови за секој од кандидатите.

Во функција на граѓаните, за нивно подобро информирање во текот на целиот изборен процес, беше ставена бесплатна телефонска линија 080 080 080.

Помеѓу двата изборни круга, МОСТ продолжува со мониторинг на Кодексот на однесување за слободни и фер избори и мониторинг на реториката и начинот на однесување на претседателските кандидати и нивните штабови.

На изборниот ден, за вториот круг, МОСТ повторно ќе ја известува јавноста и ќе ги соопшти резултатите од гласањето на граѓаните.

Граѓанската асоцијација МОСТ дејствува во насока на градење на подемократска, постабилна и попросперитетна Македонија, преку вклучување на граѓаните во процесите на донесување одлуки и набљудување на изборните процеси.

**НВО Инфоцентар**

# Активен прес-центар на граѓанскиот сектор

НВО Инфоцентарот и за време на вториот круг од Претседателските избори 2004 функционира како прес-центар на граѓанските организации.

Посебен акцент е ставен на оние активности и иницијативи што ги презема невладиниот сектор во Македонија, во насока на информирање, едукација и мотивација на гласачите, како и во набљудувањето на самиот изборен процес. Активна соработка е веќе воспоставена со сите граѓански асоцијации кои ги набљудуваат изборите, а особено е интензивна и успешна соработката со МОСТ.

НВО Инфоцентарот во соработка со Центарот за развој на медиуми, во првиот круг на изборите спроведе мониторинг на медиумите (националните телевизиски концесионери, сите дневни весници и неделници) за присуството и видливоста на граѓанските иницијативи. Резултатите од мониторингот беа објавени непосредно по завршувањето на првиот изборен круг. Едновремено, НВО Инфоцентарот и ЦРМ го следеа и (не)почитувањето на изборниот молк на Интернет. Овој мониторинг ќе биде спроведен и за време на молкот во вториот изборен круг.

НВО Инфоцентарот во соработка со Фондацијата Институт отворено општество, меѓу двата изборни круга, отпечати и ќе дистрибуира картички со мотивациска содржина за граѓаните да излезат на избори.

Сите граѓански асоцијации кои имаат потреба од стручна и логистичка подршка во креирањето и спроведувањето на кампањите и другите активности, во секое време можат да побараат помош и соработка од тимот експерти за комуникација со јавноста на НВО Инфоцентарот.

Сите заинтересирани организации, институции и граѓани можат да ја посетат интернет страната на НВО инфоцентарот на:

www.nvoinfocentar.org.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР
WWW.NVOINFOCENTAR.ORG.MK